ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

**ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ**

Колегиумот е одржан на ден **03.02.2020 година** во 09:00 часот во кабинетот на Градоначалникот.

**Присутни:** Градоначалникот на Општина Крива Паланка **Борјанчо Мицевски**, Секретар на општина **Љубомир Младенов**, Раководител на Сектор за општи и правни работи финансиски прашања и локален економски развој **Мартин Николовски**, Раководител на Одделение за општи и правни работи **Јаготка Николовска**, Раководител на Одделение за јавни дејности ,економски развој и информатичка технологија **Душко Арсовски** Раководител на Одделение за финансиски прашања **Драгица Митровска**, Раководител на човечки ресурси **Игор Додевски**, Раководител на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура **Никола Граматиков**, Раководител на Одделение за инспекциски надзор **Бранко Велиновски**, Раководител на Одделение за урбанизам сообраќај и заштита на животна средина **Маја Костадиновска**, Директор на ЈП Комуналец **Миле Марковски** Директор на ЛУ Градски музеј **Драган Величковски** и Виш соработник за јавни набавки и водење седници на совет **Биљана Тасевска.**

**Дневен ред:**

- **Разгледување на реализација на тековни задолженија**
- **Дискусија и Насоки за реализација на задолженија**
- **Разно**

**ЗАДОЛЖЕНИЈА И ЗАКЛУЧОЦИ**

Градоначалникот на општина Крива Паланка, Борјанчо Мицевски го водеше состанокот на колегиум при што беа донесени следните заклучоци:

**Секретар**

Од страна на Секретарот на општината беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Да се даде овластување на Зоран Павловски за решавање на останатите 15 предмети од комуналната испекција.

-Со комисија за законодавство да се провери дали ќе може да се исплати на фирмите чии договори се веќе истечени за да може да се продолжи постапката за донесување на планот за урбан блок 1-Д.

-Тековни активности

**Раководител на Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој**

- Од страна на Раководителот беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела
- Да се направи спецификација за физибилити студија и да се достави најдоцна до 10.02.2020 година за да се распише јавна набавка за Стратегија за туризам.
- Од страна на Татјана Георѓиевска до 05.02.2020 година да се ископмплетира целата документацијата за распишување на јавна објава за продажба на градежно земјиште со јавно надавање.

-Тековни активности

**Одделение за финансиски прашања**

- Од страна на Раководителот беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Тековни активности

**Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура**

- Од страна на Раководителот беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела
- Блаже Илиевски да обезбеди имотен лист за ОУД Боро Менков.
- При наредна набавка за проектирање на хидротехнички објекти да се планира и проект на изведена состојба на постоечки водоводи и канализации (приоритет водовод Вирови-Грамаѓе)
- Во среда (05.02.2020 година) да се одржи состанок со фирмата ЕУРО РОАД- дизајн во 11 часот за разгледување на повеќе работи.
- Да се даде налог на Мелтон за поправка на оштетена решетка на улица Климент Охридски.
- Да се даде налог на ЈП Комуналец за чистење на одрони на локален пат кон с.Станци.
- Да се провери уличното осветлување во с.Станци.
- По избор на фирма за геодетски услуги да се даде налог за ажурирање на геодетска подлога за сливот на Дурачка Река во Крива Река.

- Тековни активности

**Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина**

Раководител на Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина Маја Костадиновска, даде известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

- Да се направи разговор со Агенција за катастар на недвижности за к.п во СОУ Ѓорче Петров и дали може да се направи усогласување на к.п со градежната парцела.

- За наредната недела да се организира и закаже Јавна расправа за ДУП 7А.

- Да се закаже Јавна расправа за 4А за последната недела од месец февруари.

- Во вторник (04.02.2020 година) Комисија за увид на лице место да излезе и да направи увид за к.п во Метежево.

- Тековни активности

**<u>Одделение за јавни дејности, локален економски развој и информатичка технологија</u>**

Раководител на Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија даде известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.

-Да се разгледаат и дефинираат критериумите за повикот за финанасиска подршка на невладини организации за 2020 година до 15.02.2020 година.

-Сашко Додевски да стапи во контакт со советот на млади и во координација со Ирена Белешковска да им биде соопштено за канцаларијата која ќе треба да ја користат околу нивната работа и исто така треба да им се направи службен e-mail кој ќе биде користен од нивна страна.

-Да се исконтактира телефонски на сите пратени покани по повод одржување на фолклорен фестивал Свети Јоаким Осоговски на збратимените градови за да се види дали е примена поканата и дали истите ќе присуствуваат на фестивалот(до крајот на неделата).

-Тековни активности

**<u>Одделение за човечки ресурси</u>**

Од страна на Раководителот беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Во координација со Мартин Николовски, Душко Арсовски и Бранко Стаменковски да се соберат и дефинираат точни податоци за поднесување до Министерство за образование за престанок на користење на ламела од левата страна на ОУД Боро Менков .

-Да се разгледа правниот начин и да се даде овластување на Бранко Велиновски за вршење на работа од комунална испекција.

-Во координација со Секретарот на општината Љубомир Младенов, Мартин Николовски, Драгица Митровска да се изготви Правилник за плата.

-По завршувањето на јавните набавки за услуги за привремени вработувања да се поднесе барање за ангажирање на лица.

-Тековни активности

**<u>Одделение за правни и општи работи</u>**

Од страна на Раководителот беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

- Долорес Асановска да ги преземе активностите околу изготвување на Локален акционен план за Ромите.

- Биљана Тасевска да стапи во контакт со кординаторите на советничките групи за датум за одржување на седница на совет во првата половина на март.

-Тековни активности околу јавните набавки

**<u>Одделение за инспекциски надзор</u>**

Од страна на Раководителот беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Да се изготви информација до Македонски шуми, Министерство за животна средина и просторно планирање и Јавно претпријатие за водостопанство за потреба за сечење на врбите во Крива Река спроти Бегови бавчи (до крајот на неделата)

-Да се изготви барање за поведување на прекршочна постапка против сопственикот на крупен добиток, пред тоа да се направи комисија од ЈП Комуналец заедно со инспекција за утврдување и евиденција на направените штети (до крајот на неделата)

-Тековни активности

**<u>ЈП Комуналец</u>**

Од страна на директорот на ЈП Комуналец беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Да се излезе на увид и да се изврши евиденција на изворите за снабдување на вода од Калин Камен и да се планира 30 % за чистење на истите.

-Водомерите кои ќе бидат демонтирани да се искористат во периферните делови каде има потреба.

-Тековни активности

**<u>ЛУ Градски Музеј</u>**

Од страна на директорот на ЛУ Градски музеј беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Да се направи координација со Стојанче Величковски ако е во можност околу потребните фотографии за банерите кои ќе бидат поставени на повеќе локации во градот најдоцна до 15.02.2020 година

-Во координација со Лидија Митовска и Црвен крст околу подготвување на штанд со промотивен материјал кој треба да биде поставен во Жупања.

-Тековни активности

**Генерални заклучоци за сите одделенија**

- Да не се злоупотребуваат Пропусниците од страна на вработени за време на работата бидејќи ќе следи дисциплинска мерка.

-Преземените активности од страна на раководител или вработен да се реализираат по дадените рокови за истите.

**03.02.2020 година, Крива Паланка**

**Изготвил: Клара Стевановска**